Државната комисија за жалби по јавни набавки, врз основа на член 130 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по жалбата на жалителот – „АТРИУМ ДИ – МИЛ“ ДОО Скопје, изјавена преку полномошник – адвокат Љупчо Божиновски од Скопје, против тендерската документација донесена по Оглас за јавна набавка на посебни услуги согласно член 121, 122 и 123 од Законот за јавните набавки за набавка на услуги за организирање на исхрана за учениците на ООУ „Кузман Шапкарев“ Кисела Вода, Скопје, ООУ „Рајко Жинзифов“ Кисела Вода, Скопје и ООУ „Св. Климент Охридски“ Кисела Вода, Скопје за припрема и дистрибуција на топол оброк (доручек и ручек) на договорниот орган ООУ „Кузман Шапкарев“ Кисела Вода, Скопје, врз основа на член 160 став (1) точка 4 и став (2), (3), (4), (5) и (6) и член 166 став (7) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019), на 85-та Седница одржана на ден 05.12.2019 година донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

1. **Жалбата** на жалителот „АТРИУМ ДИ – МИЛ“ ДОО Скопје, изјавена преку полномошник – адвокат Љупчо Божиновски од Скопје, против тендерската документација донесена по Оглас за јавна набавка на посебни услуги согласно член 121, 122 и 123 од Законот за јавните набавки за набавка на услуги за организирање на исхрана за учениците на ООУ „Кузман Шапкарев“ Кисела Вода, Скопје, ООУ „Рајко Жинзифов“ Кисела Вода, Скопје и ООУ „Св. Климент Охридски“ Кисела Вода, Скопје за припрема и дистрибуција на топол оброк (доручек и ручек) на договорниот орган ООУ „Кузман Шапкарев“ Кисела Вода, Скопје, **СЕ УСВОЈУВА.**

2. **СЕ ПОНИШТУВА постапката** по Оглас за јавна набавка на посебни услуги согласно член 121, 122 и 123 од Законот за јавните набавки за набавка на услуги за организирање на исхрана за учениците на ООУ „Кузман Шапкарев“ Кисела Вода, Скопје, ООУ „Рајко Жинзифов“ Кисела Вода, Скопје и ООУ „Св. Климент Охридски“ Кисела Вода, Скопје за припрема и дистрибуција на топол оброк (доручек и ручек) на договорниот орган ООУ „Кузман Шапкарев“ Кисела Вода Скопје.

3. **Се задолжува** договорниот орган да му ги надомести трошоците на жалителот, во износ од 250,00 денари на име административна такса и износ од 12.300,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, како и адвокатски трошоци во износ од 15.600,00 денари, **во рок од 15 дена од денот на доставување на решението.**

**4. Решението** на Државната комисија за жалби по јавни набавки **е конечно по извршената достава.**

**5. Сите странки се должни** да ја почитуваат и да ја спроведат конечната одлука на Државната комисија.

**6. Договорниот орган е должен** да постапи согласно со одлуката на Државната комисија во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката, при што ги применува правното сфаќање и дадените забелешки на Државната комисија во одлуката.

***О б р а з л о ж е н и е***

Договорниот орган, започнал постапка за јавна набавка со Оглас за јавна набавка на посебни услуги согласно член 121, 122 и 123 од Законот за јавните набавки за набавка на услуги за организирање на исхрана за учениците на ООУ „Кузман Шапкарев“ Кисела Вода, Скопје, ООУ „Рајко Жинзифов“ Кисела Вода, Скопје и ООУ „Св. Климент Охридски“ Кисела Вода, Скопје за припрема и дистрибуција на топол оброк (доручек и ручек), за што претходно била донесена Одлука за доделување на договор за организирана исхрана на учениците бр.05-493/1 од 15.11.2019 година и бил склучен Договор за групна набавка. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки во делот на посебни одлуки 15.11.2019 година, како неделива, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за доделување на договор за јавна набавка ќе го користи критериумот економски најповолна понуда врз основа на цената, без спроведување на е-аукција. Од понудувачите било побарано да достават документ за регистрирана дејност и Изјава за сериозност на понудата.

Незадоволен од изготвената тендерска документација, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднесе економскиот оператор „АТРИУМ ДИ – МИЛ“ ДОО Скопје.

Постапувајќи по изјавената жалба, Државната комисија за жалби по јавни набавки изврши увид во досието на постапката на Електронскиот систем за јавни набавки и врз основа на член 160 став (1) точка 4 и став (2), (3), (4), (5) и (6) од Законот за јавните набавки најде:

***Жалбата е дозволена, навремена и изјавена од овластен подносител***.

***Жалбата е основана.***

Во жалбата жалителот наведува дека договорниот орган сторил повреда на одредбите од Законот за јавните набавки предвидени во член 5, 7, 8, 47 и 89 во однос на Услови за квалитативен избор на економските оператори предвидени во тендерската документација. Жалителот ги цитирал член 121 и член 95 од Законот за јавните набавки и наведува дека договорниот орган во тендерската документација во точка 2.3.4. Техничка и професионална способност потточка 2.3.4.1. за да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка од аспект на неговата техничка или професионална способност, економскиот оператор требало да ги исполнува следниве минимални услови: - Да има искуство во реализација на услуги од ист или сличен тип со предметната набавка (најмалку во 5 училишта). Додека во точка 2.3.4.2. Економскиот оператор го докажува исполнувањето на минималните услови од потточка 2.3.4.1 со доставување на: - Копија од договори со училишта за извршени услуги од ист или сличен тип со предметната набавка ( најмалку со 5 училишта). Оттука, договорниот орган бараниот услов и соодветно на тоа доказот кој требало да се достави не бил дефиниран согласно Законот за јавните набавки, односно не бил наведен периодот во кој требало да бидат извршувани бараните услуги (во последните 3 години), неправилно било поставено барањето за копија од договори, односно да можело да се достави Изјава со листа на главни испораки на услуги извршени од страна на економскиот оператор во последните три години или потврди за извршени услуги како и со тоа го ограничил условот услугата да е извршувана само во училишта -договорни органи, а не и кај економските оператори со што ја ограничил конкуренцијата во постапката за јавна набавка. Понатаму, во тендерската документација во точка 2.3.4 Техничка и професионална способност договорниот орган предвидел економскиот оператор да ги исполнува следните минимални услови: „Да ги има подмирено обврските спрема договорните органи во однос на исплатени долгови за закупнини и режиски трошоци (со училиштата со кои имале склучено актуелни договори за предметната набавка), додека како доказ за исполнување на бараниот услов предвидел во точка 2.3.4.1 да се достави „Потврда за подмирени обврски во однос на закупнина и режиски трошоци, од училиштата со кои има склучено актуелни договори“, дотолку повеќе што во точка 8.2. Рок и начин за обезбедување на услугата 8.2.1. Подготовката и испораката на топлиот оброк за потребите на учениците, ќе се врши секој работен ден во согласност со менито од прифатената понуда. Временскиот рок за подготовка на оброците било од понеделник до петок од 06:00 до 14:00 часот. Подготовката на топлиот оброк за потребите на учениците од сите три училишта ќе се вршел во

кујната на ООУ „Кузман Шапкарев", Кисела Вода Скопје и избраниот најповолен понудувач за користење на истата ќе плаќал месечен надомест од 38.000,00 денари за закупнина на просторот, надомест за потрошена електрична енергија согласно електрично контролно броило бр. 19952, и надомест за потрошена вода и ѓубретарина паушален месечен износ од 1,000,00 ден. Во ООУ „Рајко Жинзифов", Кисела Вода, Скопје ќе се вршела испораката на топлиот оброк за потребите на учениците во училишната трпезарија и избраниот најповолен понудувач за користење на истата односно направени трошоци (ел. енергија, вода, ѓубретарина) ќе плаќа месечен паушален надомест од 6,000,00 денари. Во ООУ „Св Климент Охридски", Кисела Вода, Скопје ќе се врши испораката на топлиот оброк за потребите на учениците во училишната трпезарија и избраниот најповолен понудувач за користење на истата односно направени трошоци (ел. енергија, вода, ѓубретарина) ќе плаќа месечен паушален надомест од 2,000,00 денари. Согласно горенаведеното договорниот орган сторил суштествена повреда на постапката за јавна набавка спротивно на одредбите од Законот за јавните набавки, бидејќи објавениот оглас по постапката за јавна набавка не е во согласност со Законот за јавните набавки во која вклучил и постапка за давање во закуп на недвижни ствари, која постапка договорниот орган требало да ја одвои од постапката за јавна набавка и да ја спроведе согласно со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, дотолку повеќе што на овој начин сакал да прибави средства во износ кој не е územ поволен за економскиот оператор како и од фактот што истата ќе влијае на месечниот износ за цена на топол оброк по ученик. Согласно наведеното, жалителот бара Државната комисија за жалби по јавни набавки да донесе Решение со кое ќе ја усвои жалбата, ќе ја поништи тендерската документација и постапката за јавна набавка, како и да го задолжи договорниот орган соодветно да го дефинира условот за искуство во претходниот период и да се отстранат барањата за подмирени обврски во однос на закупнина и режиски трошоци, како и плаќањето на закупнина за просторот, надомест за потрошена електрична енергија и ѓубретарина во предвидениот паушален износ на месечно ниво за месеците кога ќе се врши бараната услуга. Воедно, да го задолжи договорниот орган да му ги надомести на жалителот трошоците од жалбената постапка, вклучувајќи ги и адвокатските трошоци за состав на жалба, односно трошоци на жалителот во износ од 250,00 денари на име административна такса, износ од 12.300,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка и износ од 46.800,00 на име состав на правен лек- жалба согласно адвокатска тарифа.

Во одговорот на жалбата договорниот орган наведува дека жалбата е неоснована. При изработка на тендерската документација договорниот орган се придржувал на член 2 точка 10 од Законот за јавните набавки и смета дека определувањето на крајниот рок за поднесување на понуди определен и објавен на веб страната на ЕСЈН - во објавата на „Посебни услуги" бил сосема веродостоен. Имено, овој вид на постапка се спроведувала согласно член 121, 122 и 123 од Законот за јавните набавки и била флексибилна во однос на другите постапки предвидени во Законот за јавните набавки и договорниот орган определил рок за поднесување на понудите во траење од 5 дена. Економскиот оператор „Атриум ди мил" имал сеуште активен договор за јавна набавка на топол оброк во две од училиштата, со рок на траење на договорите до 21.11.2019 година, па од тој факт договорниот орган сметал дека истиот ги имал соодветните документи за учество во постапката. Постапката била транспарентна бидејќи било обезбедено објавување на огласот, тендерската документација, а отворањето на понудите и евалуацијата на истите ќе биде спроведено од Комисијата за јавни набавки формирана од договорниот орган. Договорниот орган наведува дека во тендерската документација биле предвидени минимални услови кои економскиот оператор треба да ги исполнува за да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка од аспект на неговата техничка или професионална способност. Овие услови биле предвидени со цел да се избере економски оператор кој е стабилен и сериозен кој навремено, квалитетно хигиенски технички исправно ќе обезбеди подготовка и дистрибуција на топол оброк за учениците. Од тука било предвидено економскиот оператор „Да има искуство во реализација на услуги од ист или сличен тип со предметната набавка (најмалку во 5 училишта)". Договорниот орган предвидел ваков услов со цел да се утврди искуството на економските оператори во квалитетно извршување на услугата која била предмет на набавката притоа не ограничувајќи го временскиот период кога ја реализирале услугата, за да се обезбеди поголема конкурентност на економските оператори, согласно член 92 став 2 од Законот за јавните набавки. Во тендерската документација било предвидена економскиот оператор кој ќе биде избран како најповолен и со кој ќе се склучи договор за набавка, да плаќа надомест за користење на недвижни ствари, и тоа надоместот за направени трошоци од економскиот оператор при подготовката и послужувањето на оброците за потрошена електрична енергија, вода, ѓубретарина. Економскиот оператор сметал дека било неоправдано да се бара надомест за режиски трошоци, но договорниот орган смета дека ова било оправдано бидејќи училиштето не било должно да ги подмирува овие трошоци кои ќе ги направи економскиот оператор при подготовката и послужувањето на оброците, за кои оброци истиот наплатува надомест од родителите на учениците. Училиштето не можело да ги покрива трошоците што ќе ги направи

економскиот оператор, а за кои ќе наплати надомест од родителите на учениците, а училиштето за да ги подмирува овие трошоци треба да ги намали средствата со кои треба да овозможи соодветни услови за одвивање на воспитно-образовниот процес. Всушност економскиот оператор „Атриум ди мил“ и во изминативе две години имал склучено договор за набавка на топол оброк за учениците во ООУ „Кузман Шапкарев" и имал потпишано „Изјава“ со која се обврзува дека ќе плаќа надомест за потрошена електрична енергија за подготвување на оброците, за трошоци за потрошена вода и ѓубретарина, но истиот ги немал воопшто подмирено овие трошоци кои се во висина од околу 3,000 евра. Училиштето било приморано да ги подмири овие трошоци од сопствените средства, наместо тие парични средства да може да ги искористи за унапредување на воспитно-образовниот процес и подобрување на целокупните услови во училиштето во интерес на учениците, заради што останавме без основни средства за работа: училишни материјали, креди, средства за хигиена и слично. Од тие причини за да можело да се утврди стабилноста и сериозноста на економскиот оператор во тендерската документација било побарано економските оператори да достават потврда за подмирени обврски во однос на закупнина и режиски трошоци од училиштата со кои имал склучено актуелни договори. Договорниот орган при изработка на тендерската документација водел сметка за запазување на начелата регулирани во членот 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од Законот за јавните набавки со кој се обезбедувал еднаков третман и недискриминација на економските оператори: - начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност; - начело на економичност, ефикасност и ефективност на користењето јавни средства -начело на конкуренција помеѓу економските оператори; - начело на транспарентност; - начело на еднаков третман и недискриминација на економските оператори - начело на сразмерност. Со оглед на сето погореизнесено, договорниот орган смета дека изјавената жалба е неоснована.

Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи согласно член 141 од Законот за јавните набавки, а врз основа на сите докази од предметот за спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, утврди дека жалбата на АТРИУМ ДИ – МИЛ ДОО Скопје е основана.

Државната комисија за жалби по јавни набавки ги смета за основани жалбените наводи според договорниот орган со тендерската документација за предметната јавна набавка сторил битни повреди и постапил спротивно на Законот за јавните набавки. Имено, Државната комисија за жалби по јавни

набавки го прифати жалбениот навод дека минималниот услов од точка 2.3.4 (техничка или професионална способност) потточка 2.3.4.1. на тендерската документација според кој за да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка од аспект на неговата техничка или професионална способност, економскиот оператор меѓудругото е потребно да има искуство во реализација на услуги од ист или сличен тип со предметната набавка (најмалку во 5 училишта), при што како доказ за исполнување на наведениот услов, во потточка 2.3.4.2. е предвидено економскиот оператор да достави копија од договори со училишта за извршени услуги од ист или сличен тип со предметната набавка (најмалку со 5 училишта) е во спротивност со одредбите од член 95 на Законот за јавните набавки и начелата на истиот. Исто така при дефинирање на наведениот услов покрај ограничувањето за искуството (договорни органи -најмалку 5 училишта) не бил наведен периодот во кој требало да бидат извршувани бараните услуги при што како докази биле барани копија од договори што е повторно во спротивност со одредбите на Законот за јавните набавки.

Државната комисија за жалби по јавни набавки го прифати жалбениот навод според кој минималниот услов во точка 2.3.4 техничка и професионална способност потточка 2.3.4.1 на тендерската документација економскиот оператор меѓудругото да ги има подмирено обврските спрема договорните органи во однос на исплатени долгови за закупнини и режиски трошоци (со училиштата со кои имале склучено актуелни договори за предметната набавка), при што како доказ за исполнување на бараниот услов предвидел во точка 2.3.4.1 е потребно да достави потврда за подмирени обврски во однос на закупнина и режиски трошоци, од училиштата со кои има склучено актуелни договори, не е во согласност со член 95 на Законот за јавните набавки односно истиот се однесува на закуп и други трошоци кои не се предмет на уредување на Законот за јавните набавки.

Жалбените наводи дека договорниот орган сторил суштествена повреда на постапката за јавни набавки со тоа што вклучил и постапка за закуп на недвижни ствари во тендерската документација за предметната јавна набавка, според Државната комисија за жалби по јавни набавки се основани и смета дека договорниот орган бил должен да ја одвои од постапката за јавна набавка и да ја спроведе согласно со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост. Државната комисија за жалби по јавни набавки смета дека договорниот орган било потребно во техничките спецификации на тендерската документација да даде напомена со која на економските оператори ќе ги информира дека со избраниот најповлен понудувач ќе се склучи договор за закуп на училишна

кујна, а не како што предвидел во постојната тендерска документација.

Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи по службена должност согласно член 141 на Законот за јавните набавки смета дека договорниот орган сторил битни повреди и постапил спротивно на Законот за јавните набавки со барањето во потточка 2.3.4.2 на тендерската документација за доставување на М1/М2 обрасци односно дека истото не е во согласност со одредбите на член 95 од Законот за јавните набавки како и прописите кои ја регулираат областа на заштитата на личните податоци.

Понатаму, Државната комисија за жалби по јавни набавки смета дека барањето во потточка 2.3.4.1 на тендерската документација за поседување на две возила, а не за располагање не е во согласност со одредбите од член 95 на Законот за јавните набавки.

Државната комисија за жалби по јавни набавки утврди дека договорниот орган постапил спротивно на одредбите од Законот за јавните набавки кога условот и доказот од точка 2.3.2 Способност за вршење на професионална дејност алинеја 2, го предвидел и како доказ и услов во точка 2.3.4 Техничка или професионална способност на тендерската документација за предметната јавна набавка.

Државната комисија за жалби по јавни набавки смета дека барањето во потточка 2.3.4.3 на тендерската документација односно користење на способноста од други субјекти не е во согласност со одредбите од член 96 на Законот за јавните набавки.

Воедно, Државната комисија за жалби по јавни набавки утврди дека договорниот орган во точка 4.9 (Краен рок и место за поднесување на понудите) на тендерската документација не го навел крајниот рок за доставување на понудите што е спротивно на одредбите од член 81 на Законот за јавните набавки.

Со оглед на наведеното, Државната комисија за жалби по јавни набавки одлучи да ја усвои жалбата и да ја поништи тендерската документација. При евентуално спроведување на нова постапка за истиот предмет на набавка, договорниот орган е потребно да спроведе законита постапка за јавна набавка, применувајќи го соодветно член 40 став (1) точка а) од Законот за јавните набавки, почитувајќи ги и одредбите од Законот за основното образование, сите подзаконски акти кои ја регулираат предметната материја, како и да го земе предвид член 67 од Законот за користење и располагање со стварите во

државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

Државната комисија за жалби по јавни набавки, во однос на барањето за адвокатски трошоци согласно членот 166 од Законот за јавните набавки, и Тарифа за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, како и вредноста на предметната јавна набавка, Државната комисија одлучи да му се надоместат адвокатските трошоци во висина од 15.600,00 денари, без износот за неучество на расправа/претрес од причина што не е одржана расправа или претрес во жалбената постапка.

Во согласност со член 2 точка 10., 11., 12., од Законот за јавните набавки:„10. „Тендерска документација“ е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општоприменливите прописи и сета дополнителна документација; 11. „Прифатлива понуда“ е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон; 12. „Несоодветна понуда“ е понуда која не одговара на потребите и барањата на договорниот орган утврдени во тендерската документација без значителни промени.“.

Согласно со член 3 од Законот за јавните набавки: „Начела на кои се темелат јавните набавки: (1) Уредувањето, развојот на системот на јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност. (2) При спроведувањето на јавните набавки договорниот орган е должен да ги почитува обврските за заштита на животната средина, социјалната политика и за заштита на трудот кои произлегуваат од прописите во Република Македонија, колективните договори и од меѓународните договори и конвенции ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.“.

Согласно член 91 од Законот за јавните набавки: „Економска и финансиска состојба (1) Договорниот орган може да утврди минимални услови за да потврди дека економските оператори ја имаат потребната економска и финансиска способност за извршување на договорот. (2) Во смисла на ставот (1) на овој член, договорниот орган може да побара економскиот оператор: а) да има одреден минимален годишен приход, вклучувајќи и одреден минимален приход во дејноста поврзана со предметот на јавна набавка; б) да има одредена минимална вредност на показатели на работењето, кои, меѓу другото, гиискажуваат нивоата на стабилност, ликвидност и успешност, вклучувајќи и споредба со показателите на просекот на дејноста поврзана со предметот на јавна набавка и/или в) да обезбеди соодветно ниво на осигурување од професионални ризици. (3) Договорниот орган не смее да бара минималниот годишен приход да изнесува двојно повеќе од проценетата вредност на набавката. (4) Доколку договорниот орган бара информации од финансиските извештаи на економскиот оператор, во тендерската документација ги одредува начините и условите кои ќе се користат за оценка на исполнетоста на условот за учество и кои мора да бидат транспарентни, објективни и недискриминаторски. (5) Кога јавната набавка е поделена на делови, ставот (3) на овој член се применува на секој дел поединечно. (6) Во случаите на рамковна спогодба со повеќе економски оператори со повторно прибирање понуди, бараниот годишен промет се пресметува врз основа на очекуваниот најголем обем на поединечните договори што ќе се реализираат во исто време, а доколку тоа не е познато, врз основа на проценетата вредност на рамковната спогодба. (7) Во случаите на динамични системи за набавки, бараниот годишенприход се пресметува врз основа на очекуваниот најголем обем на поединечните договори што ќе се реализираат во рамките на тој систем.“.

Согласно член 95 на Законот за јавните набавки (1) Економските оператори доставуваат единствен документ за докажување на способноста и/или потврди, изјави и други документи наведени во овој член, како доказ дека: - не постојат причини за исклучување утврдени во членот 88 од овој закон, - се исполнети условите за квалитативен избор во согласност со членовите 90, 91 и 92 од овој закон и - се исполнети стандардите за системи на квалитет и/или стандардите за управување со животната средина во согласност со членовите 93 и 94 од овој закон. (2) Договорниот орган нема да бара други докази за докажување на способноста освен доказите од овој член и членовите 93 и 94 од овој закон. (3) Во случај на користење на капацитетот на други субјекти, економскиот оператор е должен да докаже со валиден доказ дека ќе ги има на располагање потребните ресурси за извршување на договорот. (4) Како документи дека не постојат причини за исклучување од

членот 88 од овој закон, договорниот орган ги прифаќа следниве документи: а) во врска со членот 88 став (1) од овој закон, изјава на економскиот оператор или единствен документ за докажување на способноста; б) во врска со членот 88 став (2) од овој закон, потврда издадена од надлежен орган во Република Македонија или од друга земја во која е регистриран економскиот оператор или единствен документ за докажување на способноста; в) во врска со членот 88 став (3) од овој закон, извод од листата на негативни референци која договорниот орган ја обезбедува од ЕСЈН. (5) Ако земјата во која е регистриран економскиот оператор не ги издава документите од ставот (4) на овој член, или ако тие не ги опфаќаат сите случаи од членот 88 на овој закон, договорниот орган прифаќа изјава што економскиот оператор ја заверува кај надлежен орган. (6) Документите од членот 88 ставови (1) и (2) на овој закон не смее да бидат постари од шест месеци од крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество. (7) Како доказ за економската и финансиската состојба на економските оператори, договорниот орган може да побара еден или повеќе од следниве документи: а) соодветни изводи од банки; б) доказ за релевантно осигурување за надомест при професионален ризик; в) извештај за билансот на состојба издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на состојба или извадоци од извештајот за билансот на состојба, во случаи кога објавување на билансот на состојба е пропишано со закон во земјата каде што економскиот оператор е регистриран и г) извод од целокупниот приход на претпријатието (податок од билансот на успех издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на успех) и онаму каде што се бара, изјава за приходот во областа која се покрива со договорот за јавна набавка и тоа најмногу за последните три финансиски години за кои се расположливи ваквите информации во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со работа и во зависност од достапноста на таквите информации. (8) Во постапките за јавни набавки, техничката и професионалната способност на економскиот оператор може да се докаже на еден или на повеќе од следниве начини: а) со листа на главни испораки на стоки или извршени услуги во последните три години, со вредности, датуми, купувачи (договорни органи или економски оператори), со обезбедување потврда за извршени испораки или извршени услуги. Со цел да се обезбеди соодветно ниво на конкуренција, договорниот орган може, доколку е тоа неопходно, да ги земе предвид доказите за соодветните испораки на стоки или извршени услуги пред повеќе од три години, што го наведува во тендерската документација; б) со листа на работи извршени во последните пет години, со приложување потврда за задоволителна изведба на најважните работи. Со цел да се обезбеди соодветно ниво на конкуренција, договорниот орган може, доколку е тоа неопходно, да ги земе предвид доказите за изведени работи пред повеќе од пет години, што го наведува во тендерската

документација; в) со опис на техничкиот персонал и техничките органи кои ќе учествуваат во извршувањето на јавната набавка, особено на оние кои се одговорни за контролата на квалитетот, а во случај на јавна набавка на работи, оние што ќе бидат вклучени во изведување на работите, без оглед на тоа дали се вработени во економскиот оператор или не; г) со опис на техничките услови и мерки кои економскиот оператор ги користи за да обезбеди квалитет како и со опис на своите капацитети за развој и истражување; д) со наведување на системот за управување и следење на синџирот за снабдување, кој економскиот оператор ќе може да го примени при извршување на договорот; ѓ) во случај кога се набавуваат сложени стоки или услуги, или во исклучителни случаи за посебни намени, со проверка на производствените капацитети или ако е потребно и на капацитетите за проучување и истражување, како и на мерките за контрола на квалитетот, која ја спроведува договорниот орган или во негово име надлежен орган во земјата на основање; е) со образовните и професионални квалификации на давателот на услуги или на изведувачот на работи или на неговиот менаџерски кадар, под услов тие да не се евалуираат како критериум за избор на најповолна понуда; ж) со наведување на мерките за управување со животната средина кои економскиот оператор ќе може да ги користи во извршувањето на договорот; з) со изјава за просечниот годишен број на вработени кај давателот на услуги или изведувач на работи и за бројот на неговиот раководен кадар во последните три години; ѕ) со изјава за инструментите, постројките или техничката опрема, која давателот на услугите или изведувачот на работите ја има на располагање за извршување на договорот; и) со наведување на делот од јавната набавка, кој економскиот оператор има намера го отстапи на подизведувач и ј) во однос на стоките што треба да се набават: - мостри, опис и/или фотографии на производи кои се предмет на испорака, а чија веродостојност економскиот оператор е должен да ја потврди доколку тоа го побара договорниот орган и - сертификати и извештаи издадени од надлежни тела за контрола за квалитет со признаена компетентност, а кои ја тестираат погодноста на производите што јасно била утврдена со упатувањата кон спецификациите и стандардите.

Врз основа на член 96 од Законот за јавните набавки (1) Економскиот оператор може во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на економската и финансиската состојба и техничката или професионалната способност да ја користи способноста на други субјекти, без оглед на правните врски помеѓу нив. (2) Економскиот оператор може во постапката за јавна набавка да ја користи способноста на друг субјект за докажување на исполнетоста на условите за квалитативен избор во врска со образовните и стручните квалификации или релевантно стручно искуство само доколку другиот субјект ќе ги

изведува работите или ќе ги обезбедува услугите за кои се бара таквата способност. (3) Ако економскиот оператор користи способност на друг субјект, тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси. (4) Договорниот орган проверува дали субјектот чија способност ја користи економскиот оператор ги исполнува потребните услови за квалитативен избор и дали постојат причини за негово исклучување. (5) Доколку економскиот оператор користи способност од друг субјект во однос на условите што се однесуваат на економската и финансиската состојба, договорниот орган може да побара економскиот оператор и субјектот кој дава поддршка да преземат солидарна одговорност за извршување на договорот. (6) Групата економски оператори може да ја користи способноста на членовите во групата или на други субјекти на начин утврден во ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член. (7) Договорниот орган може, во случаите на јавна набавка на стоки кои вклучуваат услуги за нивно поставување или вградување, услуги и работи, да бара некои од клучните задачи да ги изврши понудувачот, а во случај на групна понуда, да ги извршат учесниците во оваа група.

Согласно со член 121 од Законот за јавните набавки: „ (1) Јавната набавка на посебни услуги се врши во согласност со оваа Глава. (2) Договорниот орган може да одлучи да ги врши јавните набавки од оваа Глава со користење соодветна постапка во согласност со членот 47 од овој закон, при што ги применува правилата за соодветната постапка. (3) При вршење на јавните набавки на посебни услуги во согласност со оваа Глава, договорниот орган ги применува начелата на јавните набавки утврдени во овој закон во однос на транспарентност, определување на предметот на набавка, техничките спецификации, како и потребата да се обезбеди квалитет, континуитет, ценовна достапност, расположливост и сеопфатност на услугите, посебните потреби на различните групи корисници, вклучувајќи ги и маргинализираните и ранливите групи, соработката и зацврстување на улогата на корисниците и иновативноста. (4) Договорниот орган може да одлучи најповолната понуда да се избира врз основа на критериумот најдобар однос помеѓу цената и квалитетот, имајќи ги предвид квалитетот и одржливоста на посебните услуги. (5) Министерот за финансии поблиску ги определува видовите на посебни услуги.“

Согласно член 141 став (1) и (2) точка 5 и 6 од Законот за јавните набавки: „(1) Во жалбената постапка Државната комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност проверува дали се сторени битни повреди од ставот (2) на овој член; и (2) Битни повреди на Законот во смисла на ставот (1) на овој член се: 5. критериумите за способност не се утврдени во

согласност со овој закон и 6. тендерската документација не е во согласност со овој закон и довела или можела да доведе до дискриминација на економските оператори или ограничување на пазарната конкуренција.“.

Согласно со член 67 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост: „1) Одредбите од овој закон кои се однесуваат на продажба и закуп на недвижни и продажба на движни ствари со електронско јавно наддавање соодветно се применуваат и при продажбата и давањето во закуп на недвижни и продажбата на движни ствари во општинска сопственост. 2) Одредбите од овој закон не се применуваат во постапките за давање во закуп на недвижни ствари на правните лица основани од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, од областа на културата, спортот, образованието, детската и социјалната заштита.“.

Со оглед на фактот што жалителот успеал во жалбената постапка, трошоците на постапката за правна заштита ќе му бидат вратени, согласно со член 166 став (7) од Законот за јавните набавки и соодветно на актите кои се однесуваат на адвокатските трошоци.

Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија за жалби по јавни набавки одлучи како во диспозитивот на решението

Од причини погоре изложени, се донесе Решение како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Согласно член 170 од Законот за јавните набавки и член 20 од Законот за управните спорови, против ова решение незадоволната странка може да поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 од денот на приемот на решението.

Бр.09-832/5
05.12.2019 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Кирил Каранфилов**

Доставено до:
- Архива,
- „АТРИУМ ДИ – МИЛ“ ДОО Скопје
- ООУ „Кузман Шапкарев“ Кисела Вода, Скопје